РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 19-737/9
04.04 2019 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Друштво за услуги,промет и ...
ЕЛЕКТРА-ЕКСПРЕС ДОО...
0309-19
04.04. 2019
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ
## по спроведена постапка БПП-О дел.бр.19-737/2019

склучен на ден __.04.2019 г. помеѓу следните

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А) Општина Крива Паланка**
**ул. „ Св.Јоаким Осоговски “ бр.175 Крива Паланка**
застапувана од **Градоначалникот Борјанчо Мицевски**
(во понатамошниот текст **договорен орган**) од една страна , и
**Б) ДУППЕлектра-Експрес ДООЕЛ увоз-извоз Скопје у.Владимир Комаров бр.7 Скопје**
(назив, адреса, седиште и држава на економскиот оператор)
застапуван од **Дарко Ѓоргиевски**
(во понатамошниот текст Носител на набавката – **економски оператор)** од друга страна

## II. ДЕФИНИЦИИ

### Член 1

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

1)„Договорен орган“- е субјект дефиниран во член 4 од ЗЈН.
2)„Економски оператор“ – е носител на набавката:домашно или странско правно или физичко лице дефиниран во член 3 став 1 точка 13 од ЗЈН.
3) „Услуги“ се услуги дефинирани во член 3 став 1 алинеа 7 од Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги (категорија 22), согласно тендерската документација.
4) „Договорна цена“ е цената која ја побарува економскиот оператор, согласно понудбената документација - како што е утврдено во овој Договор.
5) „Испорака“ значи извршување на услугите кои се предмет на набавката од страна на економскиот оператор на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договор.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Предмет на овој Договор е јавна набавка на следните услуги : Одржување и сервисирање на информатичка опрема на Општина Крива Паланка согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација на јавната набавка спроведена со Барање за прибирање на понуди , заведена под дел.бр. 19-737/2019.

**Хардвер кој е предмет на одржување**

| Уред | Количина |
|---|---|
| **Сервери** | **2** |
| IBM System x3400 | 1 |
| HP ML 350p Gen8 | 1 |
| **Персонални компјутери** | **45** |
| **Лаптопи** | **24** |
| **Печатари, скенери и мултифункциски уреди** | |
| Toshiba eStudio166 | 1 |
| Xerox Phaser 3150 | 1 |
| Samsung CLP325 | 1 |
| HP Laser Jet P1102 | 1 |
| Samsung ML 2010PR | 3 |
| HP LaserJet 1018 | 1 |
| HP LaserJet 1200 | 2 |
| Lexmark E120 | 2 |
| HP LaserJet 1010 | 2 |
| HP LaserJet 1300 | 1 |

| | |
|---|---|
| Canon LBP 810 | 1 |
| Samsung 1665ML | 1 |
| Samsung SCX 5330 | 2 |
| Toshiba eStudio 18 | 1 |
| Toshiba eStudio182 | 1 |
| Toshiba eStudio 181 | 2 |
| Dell 1710n | 1 |
| HP LaserJet 1005 | 1 |
| HP LaserJet 1020 | 1 |
| Samsung SCX 4521F | 1 |
| Samsung SCX4300 | 1 |
| Canon MF216N | 2 |
| Canon IR2225i | 1 |
| Lexmark MX310 | 1 |
| HP LaserJet pro M130 | 1 |
| Canon MF411 dw | 2 |
| **LCD проектори** | **3** |
| Acer X110 DLP | 1 |
| Cannon | 1 |
| Eposon EMP-S1H | 1 |
| **UPS** | **1** |
| UPS за сервер - APC | 1 |
| **Свич** | **5** |
| TP Link | 1 |
| Level One | 1 |
| HP | 1 |
| Dell | 1 |
| D-Link | 1 |

**Софтвер кој е предмет на одржување**

На серверите

1. Windows Server 2003
2. Windows Server 2012 R2
3. Linux Server – Endian Firewall
4. Trend Micro Antivirus

На работните станици

1. Windows XP
2. Windows Vista
3. Windows 7
4. Windows 8
5. Windows 10
6. Trend Micro Antivirus

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ
**Член 3**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

## V. КОЛИЧИНА НА СТОКИТЕ
**Член 4**

Услугите од член 2 кои се предмет на овој договор ќе бидат испорачувани во количина според барањата на договорниот орган , сукцесивно како се пројавуваат потребите на општина Крива Паланка, а согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација и согласно понудбената документација на јавната набавка БПП-О заведена под дел.бр.19-737/2019.

## VI. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Цената на предметот на јавната набавка – услугите од член 2 на овој договор , согласно понудбената документација се :

1. **Сервери, персонални компјутери и лаптопи**

| Опис | Ед. Мерка | Количина | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 16XDVD RW drive | парче | 1 | 580.00 | 29.00 | 609.00 |
| RAM 4 GB DDR3 | парче | 1 | 1.637.00 | 81.85 | |
| Мрежна карта 10/100/1000 | парче | 1 | 620.00 | 31.00 | 651.00 |
| Напојување за компјутер 500 W | парче | 1 | 770.00 | 138.6 | 908.6 |
| Напојување за сервер IBM System x3400 | парче | 1 | 11.410. | 2.053.08 | 13.463.8 |
| Хард диск 500GB | парче | 1 | 2.645.00 | 476.1 | 3.121.1 |
| SSDдиск<br>Минимален капацитет 120GB<br>Брзина на читање мин.500 mb/s<br>Брзина на запис мин :320 Mb/s | парче | 1 | 3.555.00 | 639.9 | 4.194.9 |
| **ВКУПНА ВРЕДНОСТ:** | | | **21.217** | **3.450.25** | 24.667.25 |

2. **Принтери и мултифункциски уреди**

**Табела 1**

| Резервен дел со монтажа | Ед. Мерка | Количина | Цена без ДДВ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Canon iR C2225i | Toshiba eStudio 18/166/181/182 | Lexmark mx310dm | Canon MF411 dw |
| Фиксна фолија (опционо) | парче | 1 | 4.072.00 | 359.00 | 256.00 | 951.00 |
| Греач за печница | парче | 1 | 2.010.00 | 1.645.00 | 1.165.00 | 1.017.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бубањ барабан | парче | 1 | 3.618.00 | 2.419.00 | 1.787.00 | 1.860.00 |
| Брисач за бубањ | парче | 1 | 794.00 | 769.00 | 480.00 | 497.00 |
| Ласер единица | парче | 1 | 5.077.00 | 2.658.00 | 1.591.00 | 1.736.00 |
| ДЦ контролер | парче | 1 | 4.382.00 | 3.787.00 | 1.290.00 | 1.157.00 |
| Напонска плоча | парче | 1 | 6.966.00 | 2.976.00 | 2.166.00 | 2.232.00 |
| Форматер плоча | парче | 1 | 7.979.00 | 4.403.00 | 2.563.00 | 2.274.00 |
| Термистор за печница | парче | 1 | 2.006.00 | 1.720.00 | 770.00 | 770.00 |
| Девелопер | парче | 1 | 3.142.00 | 1.951.00 | 99.00 | 107.00 |
| Тефлонски барабан (опционо) | парче | 1 | 3.406.00 | 2.125.00 | 661.00 | 620.00 |
| Силиконски барабан | парче | 1 | 2.976.00 | 2.150.00 | 496.00 | 413.00 |
| Вовлечни гумици | парче | 1 | 868.00 | 496.00 | 413.00 | 413.00 |
| Сепараторск и гумици | парче | 1 | 910.00 | 580.00 | 413.00 | 413.00 |
| Кумплуг за хартија | парче | 1 | 868.00 | 868.00 | 413.00 | 413.00 |
| Корони | парче | 1 | 1.157.00 | 868.00 | 413.00 | 413.00 |
| Одвојувачи (опционо) | парче | 1 | 683.00 | 683.00 | 373.00 | 373.00 |
| Сензор за хартија | парче | 1 | 1.182.00 | 765.00 | 496.00 | 497.00 |
| Запчаник тефлонски (опционо) | парче | 1 | 1.186.00 | 683.00 | 497.00 | 497.00 |
| **Вкупна вредност без ДДВ** | | | 53.282.00 | 31.905.00 | 16.342.00 | 16.653.00 |
| **Вкупна вредност без ДДВ за сите уреди** | 118.182.00 | | | | | |

Табела 2

| Резервен дел со монтажа | Ед. мера | количина | Цена без ДДВ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | HP Laser Jet 1010/1018/1020 | HP Laser Jet 1102 | HP Laser Jet 1200 | HP Laser Jet 1300 | HP Laser Jet 1005 | Canon LBP 810 | Canon MF216N |
| Фиксна фолија | парче | 1 | 827.00 | 827.00 | 910.00 | 910.00 | 827.00 | 910.00 | 992.00 |
| Греач за печница | парче | 1 | 744.00 | 744.00 | 661.00 | 620.00 | 661.00 | 744.00 | 744.00 |
| Ласер единица | парче | 1 | 827.00 | 827.00 | 868.00 | 868.00 | 827.00 | 827.00 | 827.00 |
| ДЦ контролер | парче | 1 | 992.00 | 868.00 | 827.00 | 910.00 | 827.00 | 992.00 | 992.00 |
| Напонска плоча | парче | 1 | 744.00 | 744.00 | 744.00 | 764.00 | 661.00 | 744.00 | 868.00 |
| Форматер плоча | парче | 1 | 786.00 | 827.00 | 744.00 | 786.00 | 744.00 | 827.00 | 827.00 |
| Термистор за печница | парче | 1 | 682.00 | 703.00 | 744.00 | 703.00 | 661.00 | 744.00 | 744.00 |
| Силиконски барабан | парче | 1 | 724.00 | 661.00 | 661.00 | 661.00 | 704.00 | 661.00 | 661.00 |
| Вовлечни гумици | парче | 1 | 351.00 | 496.00 | 413.00 | 413.00 | 413.00 | 413.00 | 413.00 |
| Сепараторски гумици | парче | 1 | 331.00 | 372.00 | 331.00 | 331.00 | 331.00 | 331.00 | 372.00 |
| Кумплуг за хартија | парче | 1 | 397.00 | 397.00 | 398.00 | 413.00 | 496.00 | 413.00 | 496.00 |
| Корони | парче | 1 | 256.00 | 248.00 | 248.00 | 248.00 | 269.00 | 269.00 | 269.00 |
| Сензор за хартија | парче | 1 | 331.00 | 331.00 | 393.00 | 393.00 | 331.00 | 331.00 | 332.00 |
| **Вкупна вредност без ДДВ** | | | 7.992.00 | 8.045.00 | 7.942.00 | 8.020.00 | 7.752.00 | 8.206.00 | 8.537.00 |
| **Вкупна вредност без ДДВ за сите уреди** | 56.494.00 | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Табела 3

| **Резервен дел со монтажа** | **Ед. Мера** | **Количина** | **Цена без ДДВ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Xerox Phaser 3150** | **Samsung CLP 325** | **Samsung ML 2010PR** | **Samsung 1665ML** | **Samsung SCX 5330** | **Samsung SCX 4521F** | **Samsung SCX 4300** | **Lexmark E120** | **Dell 1710n** |
| Греач за печница | Парче | 1 | 868.00 | 1.034.00 | 827.00 | 827.00 | 910.00 | 827.00 | 910.00 | 827.00 | 992.00 |
| Ласер единица | парче | 1 | 910.00 | 1.075.00 | 910.00 | 910.00 | 992.00 | 910.00 | 992.00 | 910.00 | 1.075.00 |
| ДЦ контролер | парче | 1 | 1.034.00 | 1.158.00 | 1.034.00 | 1.034.00 | 1.158.00 | 1.034.00 | 992.00 | 827.00 | 1.075.00 |
| Напонска плоча | парче | 1 | 744.00 | 1.034.00 | 744.00 | 744.00 | 910.00 | 910.00 | 992.00 | 827.00 | 1.034.00 |
| Форматер Плоча | парче | 1 | 827,00 | 951,00 | 827,00 | 827,00 | 950,00 | 827,00 | 910,00 | 910,00 | 1,034,00 |
| Термистор за печница | парче | 1 | 620,00 | 661,00 | 496,00 | 496,00 | 661,00 | 496,00 | 579,00 | 496,00 | 579,00 |
| Тефлонски барабан | парче | 1 | 620,00 | 744,00 | 620,00 | 661,00 | 744,00 | 744,00 | 744,00 | 661,00 | 744,00 |
| Силиконски барабан | парче | 1 | 579,00 | 744,00 | 661,00 | 661,00 | 661,00 | 661,00 | 661,00 | 661,00 | 744,00 |
| Вовлечни гумици | парче | 1 | 269,00 | 281,00 | 281,00 | 281,00 | 351,00 | 310,00 | 310,00 | 289,00 | 331,00 |
| Сепараторски гумици | парче | 1 | 289,00 | 289,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 | 281,00 |
| Кумплуг за хартија | парче | 1 | 496,00 | 496,00 | 393,00 | 393,00 | 393,00 | 393,00 | 393,00 | 372,00 | 496,00 |
| Корони | парче | 1 | 331,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 | 289,00 | 289,00 | 289,00 | 289,00 |
| Одвојувачи | парче | 1 | 165,00 | 207,00 | 165,00 | 165,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 | 248,00 |
| Сензор за хартија | парче | 1 | 393,00 | 393,00 | 372,00 | 372,00 | 372,00 | 372,00 | 372,00 | 372,00 | 372,00 |
| Запчаник тефлонски | парче | 1 | 331,00 | 372,00 | 331,00 | 331,00 | 331,00 | 331,00 | 331,00 | 372,00 | 496,00 |

| **Вкупна вредност без ДДВ** | | 8475,00 | 9,687,00 | 8,144,00 | 8,186,00 | 9,178,00 | 8,599,00 | 8,971,00 | 8,310,00 | 9,790,00 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна вредност без ДДВ за сите уреди** | 79,340,00 | | | | | | | | | |

| Опис | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|
| **Вкупна вредност за резервни делови со вклучена работна рака за замена, надградба и конфигурација на принтери и мултифункциски уреди (Табела 1 + Табела 2 + Табела 3)** | 254,016,00 | 45,723,00 | 299,739,00 |

**3. Мрежа и мрежна опрема**

| **Опис** | Ед. Мерка | Количина | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| Мрежен кабел | метар | 1 | 41,00 | 7,38 | 48,38 |
| Пластични пок канали | метар | 1 | 103,00 | 18,54 | 121,54 |
| Двојна насидна приклучница | парче | 1 | 352,00 | 63,36 | 415,36 |
| Switch (8 x RJ45, 10/100/1000Mbps) | парче | 1 | 1,323,00 | 238,14 | 1,561,14 |
| **ВКУПНА ВРЕДНОСТ:** | | | **1,819,00** | **327,42** | 2,146,42 |

**Дел В - Одржување, сервисирање и надградба на ИКТ опрема (хардвер и софтвер)**

| **Опис** | Ед. Мерка | Количина | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дијагностика** | | | | | |
| Потрошен норма час во простории во Општина Крива Паланка | час | 1 | 1,075,00 | 193,50 | 1,268,50 |
| Потрошен норма час во простории на понудувачот | час | 1 | 579,00 | 104,22 | 683,22 |
| **Одржување и сервисирање** | | | | | |
| Потрошен норма час во простории во Општина Крива Паланка | час | 1 | 1,075,00 | 193,50 | 1,268,50 |
| Потрошен норма час во простории на понудувачот | час | 1 | 579,00 | 104,22 | 683,00 |
| **Дијагностика, инсталација и конфигурација на компјутери, сервери и мрежна опрема** | | | | | |
| Потрошен норма час во простории во Општина Крива Паланка | час | 1 | 1,075,00 | 193,50 | 1,268,50 |
| **Лиценци** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Годишна лиценца за Trend Micro Antivirus за сите работни станици | / | 1 | 1182,00 | 212,76,00 | 1,394,76 |
| **ВКУПНА ВРЕДНОСТ:** | | | **5,565,00** | **1,001,70** | 6,566,70 |

Вкупната цена на јавната набавка без засметан Данокот на додадена вредност изнесува **600.000,00 (шестотини иљади) денари** односно **со засметан ДДВ 708.000,00(седумстотини и осум иљади денари ) денари.**

**VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 6**

Ивршувањето на услугата ќе биде на следниов начин:

Интервенцијата (дијагностиката и потоа одржувањето, сервисирањето и надградбата) ќе се извршува на барање на Општина Крива Паланка Време на одзив - најмногу 24 часа, по доставување на барање за интервенција. Врз основа на извршената дијагностика се доставува записник - понудај чиј составен дел е описот на дефектот, спецификацијата на деловите кои треба да бидат поправени, заменети или надградени со единечни цени. Врз основа на овој записник - понуда се одобрува налог за поправка на делови или за набавка и монтажа на нови. Гарантниот период на заменетите или ново вградените делови мора да изнесува најмалку 12 месеци.

**VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на добавувачот да го врши **во рок од 60 (деведесет ) дена** , од испораката на стоката и издавањето на фактурата.

Фактурата ќе биде потпишана од овластеното лице на Договорниот орган (Раководителот на одделението за јавни дејности ) и овластеното лице на Економскиот оператор.

**Член 8**

Плаќањето ќе биде извршено од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**IX. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА**

**Член 9**

Квалитативен и квантитативен прием на услугата од член 2 од овој договор врши Договорниот орган преку овластеното лице од Раководителот на одделението за јавни дејности , со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаните услуги и стоки .

**Член 10**

Економскиот оператор е должен да достави потврда, сертификат за квалитетот и оригиналноста на стоките што ќе ги вградува според вообичаените стандарди за квалитет .

Гарантен рок на вградените стоките изнесува 1 година.

**X. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ**

**Член 11**

Договорниот орган е должен примената услуга на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Економскиот оператор во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Економскиот оператор веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

**Член 12**

Кога по приемот на услугата од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека услугата има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениотпреглед при преземањето на (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, за тој недостаток да го извести Економскиот оператор во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот

## XI .ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 13**

Податоците кои се користат согласно предметот на овој договор подлежат на заштита во согласност со Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти и сопствените интерни акти на оштината кои ја регулираат материјата на заштита на личните податоци.

Должноста на заштита на личните податоци и деловната тајна настапуваат во моментот кога давателот на услугите ќе се запознае со нив и ќе трае за целото времетраење на овој договор, како и по неговото престанување.

Давателот на услугите смее да извршува одделни работи во врска со обрабптката на личните податоци само во рамките на овластувањата предвидени со овој договор и овластувањата кои ги има согласно закон, а истите не смеат да ги обработуваат за никаква друга цел.

Договорните страни се обврзуваат да ги применуваат соодветните технички и организациони мерки донесени од страна на корисникот на услуги.

Притоа секоја договорна страна ќе биде одговорна за надомест на штета која ја предизвикала од непочитувањето на договорните обврски за доверливост и заштита на личните податоци, утврдени со овој договор.

Давателот на услугата потпишува изјава за тајност и заштита на обработка на личните податоци.

## XII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 14**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена , евентуалниот спор ќе го решава надлежниот суд во Куманово .

## XIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Овој договор е склучен со времетраење од 1 (една )година сметајќи од денот на склучувањето на договорот или до искористување на сумата од договорот.

**XVI.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 16**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**XV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 17**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 18**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс – Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 19**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Економскиот оператор.

| ***ДОГОВОРЕН ОРГАН*** | ***ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР*** |
|---|---|
| **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** | **ДУППЕлектра-Експрес ДООЕЛ увоз-извоз** |
| **Градоначалник** | **Управител** |
| **Борјанчо Мицевски** | **Дарко Ѓоргиевски** |